# ПРЕПОРАКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТЕН ДРЖАВЕН WiFi НА ОТВОРЕНИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДА (2020-2024) И НОБП

## ВОВЕД

Обезбедување бесплатно поврзување на интернет преку безжични пристапни точки кои ја користат WiFi мрежната технологија (**во понатамошниот текст: безжични пристапни точки**) на отворени јавни места во населени места, каде што се собираат поголема група граѓани и имаат време на чекање кон следната активност во нивниот дневен распоред, создава значителна додадена вредност затоа што слободното време и времето за транзит го конвертира во продуктивно, релаксирачко искуство или искуство во собирање повеќе информации.

Со имплементација и користење на овие безжични пристапни точки може да се поттикне и развојот на некоја конкретна стопанска гранка како на пример туризмот.

Од друга страна, безжичните пристапни точки можат да обезбедат зголемена грануларност на покриеноста со интернет во тешко достапните места во државата.

Ограничениот домет на било која безжична пристапна точка (100-150 метри на отворено) е гаранција дека истите нема да претставуваат закана за понудите на комерцијалните оператори (особено на мобилниот бродбенд пристап). Дотолку повеќе, што со безжичните пристапни точки се промовира и интересот на корисниците кон малопродажните понуди за мобилен бродбенд пристап и услугите на другите комерцијални оператори.

## БЕЗЖИЧНИ ПРИСТАПНИ ТОЧКИ ВО ОПШТИНИТЕ

Најчесто на најпрометните локации во општините, веќе се инсталирани голем број на “комерцијални“ WiFi пристапни точки од страна на самите ресторани, кафулиња, хотели, аеродроми, железнички и автобуски станици, итн.

Одредени локални самоуправи веќе го имаат препознаено бенефитот од обезбедувањето бесплатно поврзување на интернет преку безжични пристапни точки за граѓаните, па во таа насока самоиницијативно и во соработка со операторите, веќе имаат или планираат поставување на бесплатен “општински WiFi“[1] .

Но треба да се каже и тоа дека сите локалните самоуправи немаат капацитет и можност да обезбедат бесплатен “општински WiFi“ . Ова особено се однесува за оние населените места кои се во т.н “бели зони“[2] и кои најчесто се со помал број на жители и со поголема оддалеченост од градовите.

## БЕСПЛАТЕН ДРЖАВЕН WiFi

На страна 6 од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024[3] е наведено: *“Во областа на туризмот, Владата ќе обезбеди систем за субвенционирање на*

[1] планирањето, поставувањето и работењето го финансира самата локална самоуправа

[2] зона/област која не е покриена со пристапна NGA мрежа (брзина на download поголема од 30Mbps), а не постојат ниту планови од оператори за вакво покривање во следните 3 години. Белите зони може да се најдат на: http://app.gdi.mk/NGAPokrivanje/

*алтернативен и културен туризам. Археолошките локалитети ќе се оспособат и ќе бидат достапни за посета на домашни и странски туристи. Ќе овозможиме користење на бесплатен државен WiFi со кликнување на линк што ќе води до промотивна страна на општина, на реон, на влез во држава, на стојалишта и бензински пумпи.“*

Од друга страна а со цел пристапот до бродбенд да биде достапен за сите граѓани во државата, Националниот оперативен бродбенд план (НОБП) содржи мерки (во кои е вклучена и државна помош) за обезбедување на мрежно покривање на белите зони, а со цел граѓаните да имаат пристап до бродбенд со истиот квалитет и прифатливост на цени како во оние области во државата каде има развиена конкуренција.

**Бесплатниот државен WiFi треба да обезбеди поддршка на развојот на туризмот и поттикнување на користењето на бродбендот во белите зони во државата.**

**Трошоците за обезбедување на бесплатен државен WiFi се покриваат со средства од Буџетот на РС Македонија.**

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТЕН ДРЖАВЕН WiFi

Согласно член 5 од Законот за основање на ЈП МРД, ЈП МРД на цела територија на државата треба да изгради Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ) на која ќе бидат поврзани **локациите на безжичните пристапни точки за обезбедување бесплатен државен WiFi**.

Согласно точката 2.1.2 од НОБП, изградбата и развојот на НТОМ треба да се базира на Студија за изводливост одобрена од страна на Владата.

Студијата за изводливост на НТОМ ја подготвува ЈП МРД во соработка со НКБК и други институции, а при нејзината подготовка треба да се имаат предвид усвоените препораки на НКБК[4], особено на оние кои се однесуваат на поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, и користење на постоечка (во сопственост на операторите или во јавна сопственост).

Пред започнување на подготовката на Студијата за изводливост на НТОМ, ЈП МРД треба да обезбеди платформа за мапирање на листата на локации[5]. Листите на локации ги подготвува ЈП МРД во соработка со НКБК[6], локалните самоуправи, планските региони и ЗЕЛС.

Соработката со локалните самоуправи во утврдувањето на локациите е круцијална имајќи го предвид тоа што локалната самоуправа најдобро ги знае состојбите во населените места, потребите на граѓаните, посетеноста од туристи, итн., но и поради меѓусебната координација за да се спречи дуплирање со веќе постоен или планиран бесплатен “општински WiFi“.

---

[3] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vlada-agenda2020-2024.pdf
[4] http://bco.mioa.gov.mk/?page_id=35
[5] Согласно точка 1.9. од НОБП
[6] ова е и законска надлежност на НКБК, согласно член 71-а од Законот за електронските комуникации

**ЛОКАЦИИ НА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОБЕЗБЕДУВА БЕСПЛАТЕН ДРЖАВЕН WiFi**

Бесплатен државен WiFi треба да се обезбедува на отворени јавни површини:

A. **само во населените места кои се утврдени како “бели зони “,** а посебно на оние населени места од белите зони кои сеуште не се покриени (или делумно се покриени) со 4G сигнал на мобилна мрежа и тоа на следните видови локации: во непосредна близина на автобуски/железнички станици, паркови, плоштади/центри и/или други отворени јавни површини каде се собира населението;

B. **на локации на туристички дестинации и атракции на територијата на цела држава,** согласно Националната стратегија за туризам на Република Северна Македонија 2016-2021[7], на отворени јавни површини на влезот во државата, на стојалишта и бензински пумпи особено на оние кои се наоѓаат на главните коридори согласно Договорот за основање на транспортна заедница на основната и сеопфатна патна мрежа во државата.

При изборот на локациите, покрај другото треба да се има предвид:

- дали во нивна близина локалната самоуправа веќе има поставено или планира да постави бесплатен “општински WiFi“ . Во случај на постоење или планирање на бесплатен “општински WiFi“ не треба да се поставува бесплатен државен WiFi;
- можноста за користење на постојна кабелска канализација или постојни оптички влакна (во јавна или приватна сопственост),
- можноста за користење на слободните оптички влакна од оптички кабел поставен од ЈП МРД до локациите на кои ќе се обезбедува бесплатен државен WiFi за потребите на мобилните оператори за идно поставување 5G мали базни станици,
- дали постои или се планира ИКТ проект во следните 2 години кој предвидува мрежна поврзливост а е финансиран со јавни средства;
- изведбата, условите, локацијата на која ќе биде поставена WiFi опремата која ќе емитува, итн.

Бесплатен државен WiFi во една бела зона во која нема локации за промоција на туризмот треба да се обезбедува на една отворена површина а доколку станува збор за бела зона со поголем број на жители на две отворени јавни површини. Бројот може да биде поголем, доколку Владата по барање на локалната самоуправа даде согласност или доколку локалната самоуправа ги покрие трошоците за дополнителните пристапни точки.

Утврдувањето на бројот и изборот на локации го врши ЈП МРД во соработка со НКБК во согласност со критериумите/препораките од овој документ а во консултација со Министерството за информатичко општество и администрација, локалните самоуправи и надлежните институции за развојот на туризмот. При тоа може да се одржи јавен состанок со локалните самоуправи и заинтересираните оператори од аспект на презентација на целиот проект.

Владата на РС Македонија по предлог на министерот надлежен за електронски комуникации дава согласност за бројот и изборот на локации.

---

[7] http://www.economy.gov.mk/doc/2712

## УТВРДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БЕЗЖИЧНИТЕ ПРИСТАПНИ ТОЧКИ ЗА БЕСПЛАТЕН ДРЖАВЕН WiFi

По поврзувањето на мрежните јазли на НТОМ со локациите за обезбедување бесплатен државен WiFi, НКБК во соработка со МИОА, ЈП МРД и локалната самоуправа треба да ги утврдат следните **технички карактеристики на безжичните пристапни точки** :

- WiFi стандардите и стандардите за напојување,
- мерки за обезбедување заштита од сајбер инциденти,
- гарантирана минимална брзина, гарантиран број на корисници кои истовремено ќе треба да бидат опслужени, временско ограничување за фер користење, расположливост на безжична пристапна точка (види подолу),
- поставувањето на опрема, потребната нејзина физичка заштита и карактеристики, гаранција на опремата, итн.

Доколку биде формирана Дигитална Агенција, истата треба да биде вклучена во процесот на утврдување на технички карактеристики на безжичните пристапни точки.

По пат на јавна набавка ЈП МРД **согласно утврдените технички карактеристики ќе треба да избере оператор и да склучи Договор за обезбедување бесплатен државен WiFi**, кој покрај другото ќе треба да постави активна/пасивна опрема за потребите на обезбедување бесплатен државен WiFi, истата да ја одржува и да им обезбедува пристап до интернет за сите граѓани што се наоѓаат во радиусот на домет на пристапната безжична точка.

ЈП МРД во соработка со НКБК ја известува Владата на РС Македонија за изборот на оператор по општини.

**Доколку е технички изводливо и економски поприфатливо за Буџетот на Република Северна Македонија, НКБК може да препорача поголема централизација, односно еден оператор (или неколку) да обезбедуваат бесплатен државен WiFi за неколку општини, еден регион или повеќе.**

## ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТЕН ДРЖАВЕН WiFi

Договорите помеѓу ЈП МРД и операторите треба да се склучуваат за периоди кои не можат да бидат подолги од 5 години и истите јавно да се објавуваат на веб страната на ЈП МРД.

Договорите со операторите покрај другото треба да содржат:

- обезбедување на услугите во периодот за кој е склучен Договорот, согласно утврдените технички карактеристики на безжичните пристапни точки,
- обврска и временски период за промена на одредени технички карактеристики на безжичните пристапни точки (доколку е потребно),
- обврска за поставување на видливо место известувачка табла за постоење на бесплатен државен WiFi, оператор кој ја обезбедува услугата, техничките каракеристики на безжичната пристапна точка, контакт и начин за пријава на дефект или неисполнување на техничките карактеристики, итн.

- обврска за централизирано следење на работењето на пристапните безжични точки,
- обврска за креирање, поставување и ажурирање на промотивна веб страна т.е “landing page“ (види подолу),
- обврска за имплементација на мерките за обезбедување заштита од сајбер инциденти, согласно утврдените технички карактеристики на безжичните пристапни точки,
- интернет сервиси и содржини кои треба да бидат оневозможени, согласно Уставот и законите на РСМ,
- обезбедувањето безбедност и интегритет на услугата, доверливост на комуникациите, заштитата на личните податоци и почитувањето на другите основни човекови права и слободи треба да е загарантирано согласно Уставот и законите на РСМ,
- рок за отстранување на дефект (по сопствена иницијатива или по добиено електронско известување од граѓанин, општина, ЈП МРД, итн.). За истото операторот треба да го извести ЈП МРД на договорениот начин и во одреден рок,
- обврска за водење на регистар на добиени известувања од јавноста во однос на работењето на пристапните безжични точки,
- обврска за водење на статистика и анализа на користењето на пристапните безжични точки (види подолу), како и начинот и рокот за доставување на овие податоци,
- висината на годишниот надоместок за обезбедување на услугата, итн.

Средствата за годишниот надоместок за обезбедување на услугите согласно склучените Договори се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## ИНТЕРНЕТ СЕРВИСИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ПРЕКУ БЕСПЛАТЕН ДРЖАВЕН WiFi

Согласно последните податоци на Државен завод за статистика (ДЗС)[8], во државата најмногу се користат следните интернет сервиси/услуги: социјални мрежи/медиуми (на пр.Instagram, Facebook, LinkedIn, Twitter, YouTube, Snapchat, итн.), платформи за он-лине комуникација (VoIP/видео повици, испраќање на Инстант пораки), и информации и пребарување на web. Овие сервиси треба да бидат овозможени за користење преку бесплатниот државен WiFi.

Согласно Договорот, потребно е при пристапувањето на корисникот на пристапна безжична точка операторот треба прво да му обезбеди појавување на промотивна веб страна т.е “landing page“ која особено ќе содржи:

- информации за условите за користење на бесплатниот државен WiFi, за фактот дека неговото користење за какви било нелегални активности, сајбер безбедносен напад и слично е спротивно на законот и државата презема одговорност да постапува доколку се случат вакви инциденти (упатство за правило за употреба),
- промотивни информации за општината, реонот, локации на туристички дестинации и атракции,
- услугите кои локалната самоуправа ги нуди и други корисни информации со цел поттикнување на граѓаните да ги користат бродбенд услугите, особено дигиталните Владини/општински услуги, како би можеле полесно по електронски пат да ги остварат своите права.
- линк/банер кон националниот портал за е-Услуги (www.uslugi.gov.mk).

[8] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=77

Оваа промотивна веб страна операторот ја подготвува и континуирано ја ажурира согласно одредбите утврдени во склучениот Договор,  а во соработка со локалните самоуправи, ЈП МРД, надлежни институции од областа на туризмот и други.

## ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА БРЗИНА, ГАРАНТИРАН БРОЈ НА КОРИСНИЦИ КОИ ИСТОВРЕМЕНО ЌЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ОПСЛУЖЕНИ, ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ ЗА ФЕР КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛОЖЛИВОСТ НА БЕЗЖИЧНА ПРИСТАПНА ТОЧКА

За да се гарантира дека користењето на бесплатен државен WiFi ќе може да обезбеди корисничко искуство со висок квалитет, потребно е да се гарантира минимална брзина на download/upload по корисник.

Исто така, пристапната безжична точка треба да има капацитет во ист момент на гарантиран број на крајни корисници  да им обезбедува безжичен пристап до интернет со гарантираната минимална брзина.

За користењето на бесплатен државен WiFi  треба да се воведат одредени ограничувања, како на пример временско ограничување за фер  користење кое може да содржи и период на мирување до следно поврзување  по корисник [9].

Расположливоста на безжичните пристапни точки за обезбедување бесплатен државен WiFi треба да биде согласно утврденото ниво за квалитет на услуга  (Service Level Agreement) утврден во Договорот склучен помеѓу ЈП МРД и операторите.

## СТАТИСТИКА И АНАЛИЗА НА КОРИСТЕЊЕТО НА БЕСПЛАТЕН ДРЖАВЕН WiFi

Со цел оцена на квалитетот на услугата која операторот ја обезбедува, утврдување на оправданоста на одредена пристапната безжична точка, односно за нејзиното функционирање, кои сервиси/услуги се користат, која популација ја користи, итн., операторот редовно треба да прави обработка на податоците добиени од пристапувањето на корисниците до пристапните безжични точки за статистички и аналитички цели.

При тоа, заштитата на личните податоци како и на другите основни човекови права и слободи, треба да се загарантирани согласно Уставот и законите на РСМ.

Податоците од обработката, операторот согласно одредбите од Договорот треба да ги доставува во форма на квартални  извештаи до ЈП МРД, НКБК и општината.

Овие податоци треба да се дел од годишниот извештај со кој ЈП МРД ја известува Владата на РСМ за обезбедувањето на бесплатен државен WiFi

Доколку податоците за период подолг од 6 месеци, покаже оправданост за промена на одредени претходно утврдени технички карактеристики на безжичните пристапни точки, ЈП МРД во соработка со НКБК ќе ги утврди неопходните промени и до операторот ќе достави барање за нивно спроведување. При тоа за предлозите за промена  може да се консултира операторот. Операторот истите ќе треба да ги спроведе во временскиот период утврден со Договорот.

---

[9] корисник се идентификува со своите лични податоци, на пр. мобилен телефонски број или корисничко име, но истите се анонимни согласно релевантна изјава за заштита на приватноста на личните податоци поврзани со таа услуга

Доколку бараната промена ќе предизвика дополнителни фискални импликации по Буџетот на РС Македонија, ЈП МРД треба за истото претходно да побара согласност од Владата.

## РЕГИСТАР НА ПРИСТАПНИ БЕЗЖИЧНИ ТОЧКИ

За сите пристапни безжични точки на територијата на целата државата со кои се обезбедува бесплатен државен WiFi, ЈП МРД води Регистар, кој содржи информации за конкретните технички карактеристики за секоја пристапната безжична точка.

Регистарот со визуелен приказ на локациите на пристапните безжични точки, ЈП МРД јавно ги објавува на својата веб страна и истите ги ажурира.

ЈП МРД треба континуирано да го следи функционирањето на сите пристапни безжични точки, како и да реагира до операторот по добиено известување од граѓанин или локална самоуправа кое се однесува на функционирањето на истите .

ЈП МРД треба на својата веб страна да обезбеди можност граѓаните да ги изнесат своите ставови од функционирање на пристапните безжични точки.

ЈП МРД еднаш годишно ја известува Владата на РС Македонија за обезбедувањето на бесплатен државен WiFi.

## ОЧЕКУВАН ПЕРИОД НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ

Согласно Извештајот на НКБК од март 2020 година, 70,06% од граѓаните користеле мобилен бродбенд. Доколку се има предвид очекуваниот развојот на пазарот (особено 5G), новите технологии (на пример eSIM), постигнувањето на националните бродбенд таргети утврдени во НОБП[10], како и очекуваниот старт на преговорите за членство во ЕУ, потребно ќе биде по 2029 година, да се ревидира понатамошната потреба од постоење на бесплатен државен WiFi во одредени општини.

[10] До 2029 година не треба да постојат "бели зони" за фиксна мрежа и секој треба да има можност за пристап до интернет преку 5G со минимална брзина на пристап до интернет од најмалку 100 Mbps